# Опис на работни задачи за ангажирање на надворешна експертиза за инклузивно стратешко планирање на програми за младински центри во Пелагонискиот регион

Во рамките на проектот „Од младинско зајакнување кон институционална сопственост ПЕЛО / Transitioning Pelagonia's Youth Empowerment to Local Ownership PELO" – финансиран од Амбасадата на Кралството Холандија во Р. Северна Македонија, организацијата Про Локал ги поканува сите заинтересирани лица да достават потребни документи согласно со постапката за избор на надворешна експертиза за инклузивно стратешко планирање на програми за младински центри во Пелагонискиот регион

**А. Основни податоци за проектот**

**Носител на проектот:** ЗГ Про Локал – Битола

**Главна цел на проектот:**
Да се поттикне системска промена во Пелагонија преку премин од проектно водени активности кон локални, сопствени и одржливи механизми, со цел овозможување на младите активно да учествуваат во управувањето, во значајна вработеност и во влијателни локални акции — обезбедувајќи долгорочна инклузивност и отпорност на заедницата.

**Краток опис на проектот:**
**Проектот PELO (2025–2027)** претставува трета фаза од долгорочните напори на Про Локал за јакнење на младите во руралните општини на Пелагонија. Проектот се надоврзува на претходните успеси – воспоставување младински совети, нови локални младински здруженија и Регионална младинска платформа – кои остануваат кревки без посилна институционална поддршка. PELO одговара на овие предизвици преку вградување младински услуги и учество во локалното управување, јакнење на младинските организации и создавање структурирани партнерства со бизнис-заедницата.

Клучни компоненти се:

- **Отворање Младински центри** во 7 рурални општини, ко-управувани од здруженија и општини, со транспарентно финансирање и партиципативно планирање.
- **Јакнење на капацитетите на младите и на граѓанскиот сектор**, за тие самостојно да водат програми и да ко-креираат политики со општините.
- **Поврзување на младите со бизнис секторот** преку менторства, практикантства и Регионален младински бизнис форум, за справување со високата младинска невработеност и миграција.
- **Видливост и промоција на младите** преку континуирана дигитална кампања, раскажување на младински приказни и регионални настани што ги претставуваат младите како активни чинители во развојот на заедницата.

До крајот на проектот, Пелагонија се очекува да стане **модел за инклузија на руралните млади**, каде што општините, младинските организации и компаниите заеднички ќе создаваат политики и практики што им даваат на младите реално влијание, можности и причини да останат и да напредуваат во своите заедници.

**Финансиран од: Амбасадата на Кралството Холандија во Р.Северна Македонија, програма МАТРА**

**Времетрање на проектот:** од 15.07.2025 до 15.07.2027

**Б. Опис на работни обврски на правното/физичкото лице**

Во рамки на иницијативата за зајакнување на младинските центри, се предвидува развој на двегодишни програми за 7 младински центри во 7 општини во Пелагонискиот регион (Новаци, Могила, Ресен, Крушево, Кривогаштани, Долнени и Демир Хисар) преку инклузивен и партиципативен процес кој ги вклучува младите, општинските претставници и локалните граѓански организации со цел програмите да одговараат на реалните потреби на младите согласно местото на живеење.

Целта на ангажманот е да се фасилитира процесот на партиципативно ко-креирање на 7 двегодишни програми за младински центри во седум различни општини во Пелагонискиот регион. Програмите ќе се ко-креираат во тесна соработка со 7 локални граѓански организации кои имаат силно локално присуство и локална ко-сопственост врз процесите на идентификација и планирање во рамки на проектот (по 1 ГО од секоја општина, контакт листа ќе обезбеди Про Локал). Програмите треба да се креираат врз рамката за работа на младински центри со цел истите да бидат апликативни при воспоставување на младински центри низ Пелагонискиот регион.
Правното/ физичкото лице ќе биде потребно да ги развива програмите заедно со оние за кои се наменети – во овој случај младите од локалните заедници, заедно со општините и граѓанските организации а во тесна координација со проектниот тим. Особено е важно, програмите да ги отсликуваат специфичните потреби и можности на младите на секоја општина одделно односно да бидат развиени во релација со местото на живеење и состојбите и потенцијалите на секоја локална заедница.

**Конкретно, опсегот на работа правното/физичкото лице треба да опфати**:

1. **Подготовка и планирање на процесот**

- Развивање методологија за партиципативно ко-креирање на двегодишни програми
- Подготовка на алатки за планирање (агенди, прашалници, матрици, работни материјали)
- Координација со општините и локалните чинители (млади, општински кадар особено службениците за млади, граѓански организации)

2. **Вклучување на засегнати страни**

- Обезбедување праведно учество на различни групи млади во сите фази на планирањето (вклучително ранливи категории, млади кои живеат на оддалечени места)
- Комуникација со општините, мапирање на локални граѓански организации и комуникација

3. **Фасилитација на партиципативни работилници**

- Организација и водење на најмалку по 2 планирачки работилници во сите 7 општини ( Новаци, Могила, Ресен, Крушево, Кривогаштани, Долнени и Демир Хисар), односно вкупно 14 работилници во Пелагонискиот регион

- Поттикнување активно учество и дијалог меѓу сите засегнати страни
- Користење партиципативни методи (brainstorming, co-design, приоритизација)

4. **<u>Развивање на драфт верзија на двегодишните програми:</u>**

- локален контекст и моментална состојба со младинските програми/центри (1 страна)
- Сумирање и анализа на идентификувани потреби на младите
- Анализа на локалниот контекст и постојните ресурси
- Дефинирање приоритети и програмски области
- Цели, активности, индикатори и временска рамка 2026-2027
- Усогласување со локални стратегии и политики

**<u>5. Валидација и финализација</u>**

- Консултации со засегнатите страни
- Инкорпорирање на повратни информации
- Подготовка на извештај за процесот на ко-креирање
- Доставување финални програмски документи за сите 7 Младински центри/општини (да се користи ист формат на документот за сите 7 програми, со користен фонт Calibri, големина 11, проред 1,5, визулен идентитет ќе биде споделен од Про Локал)

**Во рамки на ангажманот, правното/физичко лице ќе ги испорача следните резултати, кои се директно поврзани со дефинираните задачи:**

1. **Методологија за партиципативно планирање**
2. **докази за одржани и фасилитирани работилници во 7 општини**
3. **7 нацрт двегодишни програми за младински центри**
4. **7 финализирани две годишни програми**
5. **Завршен консолидиран извештај ( не подолг од 7 страни)**, кој вклучува:
    - опис на процесот
    - користени методи
    - идентификувани потреби
    - препораки

**В. Услови за пријавување:**

**Општи квалификации:**

- Исксутво во изготвување на младински анализи/ програми
- Познавање на младински политики и работа со млади
- Искуство со локална самоуправа и граѓански сектор (предност)

**Специфични квалификации:**

- Најмалку 2 договори слични на предметот на набавка
- Најмалку два експерти (вработени или ангажирани со Договор за дело за правните лица) со искуство:
    - во стратешко планирање и развој на програми
    - во фасилитација на партиципативни процеси
    - Одлични комуникациски и аналитички вештини

**Г. Дополнители информации**

**Временска рамка за реализација на ангажманот:**

Временска рамка на спроведување на ангажманот е 4 месеци од денот на потпишување на Договорот т.е. до месец август/септември 2026

Понудата треба да вклучува изготвување на 7 двегодишни програми за 7 Младински Центри од Пелагонискиот регион, патни трошоци, работни денови за експертот.

**Трошоците околу организрање на 14-те работилници ги покрива Про Локал (сала, храна, работни материјали).**

**Д. Заинтересираните кандидати треба да достават:**

- ПРИЈАВА во слободен формат со потпис од овластено лице и печат (за правно лице) или од експертот штоо се пријавува (ако е физичко лице секој експерт поднесува одделно поединечна пријава)

- Предлог методологија

- Тековна состојба на добавувачот не постара од една година (за правни лица)

- Доказ за работно искуство согласно бараните квалификации : најмалку 2 Договори слични на предметот на набавка

- Биографија на експертот

- Потпишана изјава за достапност на експертот во периодот за реализација

- Финансиска понуда изразена во МКД без вклучен ДДВ (Трошокот да е дефиниран по програма (вкупно 7 двегодишни програми))

** Сите евентуални трошоци околу прибирање и поднесување на потребната документација за учество на овој повик ги сноси понудувачот*

Кандидатите ќе бидат евалуирани од страна на Комисија за евалуација при Про Локал, врз основа на претходно воспоставените критериуми наведени во делот В кои се исклучувачки критериуми и ќе бидат бодувани на следниот начин:

- Општи квалификации = 20 бода
- Специфични квалификации = 20 бода
- Методолошка белешка = 30 бода
- Финансиска понуда = 30 бода

**- Понудите треба да се доставуват/испратат по пошта до канцеларијата на ПРО ЛОКАЛ на ул.Раде Илиев бр.5/7, Битола, во затворен плик, со назнака на бројот на тендерот и податоци за добавувачот.**

**Лице за контакт:** Кристина Талевска; coordinator@prolocal.mk; 078 269 022

**- Краен рок за доставување на понудата е 28.04.2026 до 16 часот во затворен плик, со назнака на бројот на тендерот и податоци за добавувачот**

**- Временска рамка за одлучување по јавниот тендер:** во рок од 10 дена по завршување на јавниот повик.

Битола,

14.04.2026

Претседател на ЗГ Про Локал
Емилиа Ѓероска